# ЗАПИСНИК

Од Собранието на Еурохаус АД Скопје, одржано во просториите на Еурохаус АД Скопје на Бул.Свети Климент Охридски бр.52а/1-5 Скопје (во понатамошен текст Друштво) на 04.06.2015 година (четврти јуни две илјади и петнаесетта година). Собранието започна со работа во 13,30 часот (тринаесет часот и триесет минути).

Според верификуваниот (потпишан) список присутни се акционери: Петар Андреевски од Скопје, Артон Лена с.Арангел Кичево и ЕУРОХАУС Берзно Посредничка куќа ДОО Сараево преставувана преку полномошникот Петар Андреевски.

Предлози за измени и дополнувања на дневниот ред не се поднесени до денот на одржување на седницата.

Овластениот свикувач на Собранието извршниот директор на Друштвото Сашо Дракуловски го извести претседавачот дека сите акционери се уредно поканети преку Јавен Повик од ден 12.05.2015 година во дневниот весник Утрински весник. Списокот на присутни беше ставен на јавен увид а седницата ја отвори Претседавачот Артон Лена од Кичево и го објави кворумот на претставената главнина кои претставуваат 120.000(сто дваесет илјади) или 59,70 % од вкупно запишаните акции по извод од Акционерска книга од 04.06.2015 година.

За работа на Собранието е предложен и усвоен следниот :

ДНЕВЕН РЕД

1. /еден**/ Избор** на Претседавач на Собранието;
2. /два/**Именување** на Записничар на Собранието;
3. /три/Утрвдување на дневниот ред на седницата на Собранието;
4. / четири **/Годишен извештај** за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2014 година, со :

- **Годишен извештај** за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2014 година;

**- Предлог- Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2014 година;

5. /пет/**Извештај** на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година, со;

-**Извештај** на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година;

-**Извештај за контрола и мислење на Одбор на Директори** по Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје, за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година;

**-Предлог- Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година;

6./шест **/Годишен извештај за работењето на Одборот на Директори** во 2014 година, со;

-**Годишен извештај за работењето** на Одбор на Директори во 2014 година;

**-Предлог- Одлука** за усвојување на Извештајот за работа на Одбор на Директори на Еурохаус АД Скопје;

7./седум **/Предлог- Одлука** за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори;

8./осум **/Предлог- Одлука** за усвојување на годишната сметка на Еурохаус АД Скопје за 2014 година;

9./девет **/Предлог- Одлука** за распределба на добивка;

10./десет/**Предлог- Одлука** за назначување на овластен ревизор за ревизија на финансиски извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2015 година;

АД 1/еден/ Претседавачот избран на последното Собрание Петар Андреевски отвори расправа за избор на Претседавач на Собранието, во која од страна на Петар Андреевски за Претседавач е предложен Артон Лена од Кичево. За донесување на Одлуката Артон Лена да биде Претседавач гласаа сите присутни со 120.000 акции (сто и дваесет илјади) капитално мнозинство или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

АД 2/два/ Претседавачот отвори расправа по предлог за записничар да биде именувана Даниела Војнески, која беше едногласно прифатена. За донесување на Одлуката Даниела Војнески да биде Записничар гласаа сите присутни со 120.000 акции (сто и дваесет илјади) капитално мнозинство или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

АД 3/три/Утрвдување на дневниот ред на седницата на Собранието;

АД 4/ четири / Претседавачот отвори расправа по Годишниот извештај за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2014 година, во која извршниот директор зема збор и даде појаснување и истакна дека Друштво континуирано го подобрува своето работење, ги зголемува приходите а воедно и го зголемува пазарното учество. Акционерот Петар Андреевски зема збор и истакна дека друштвото работи одлично и е на прав пат што се гледа од континуираниот раст кој го има друштвото од своето оснивање па до денес и воедно упати и пофални зборови до извршниот директор за неговата работа, за кажаното од страна на акционерот Петар Андреевски се сложи и акционерот Артон Лена. По што никој друг не се јави во расправата и претседавачот Предлог одлуката за усвојување Годишен извештај за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2014 ја стави на гласање.

За донесување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај гласаа сите присутни со 120.000 акции (сто и дваесет илјади) капитално мнозинство или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Еурохаус АД Скопје за 2014 година, е полноправно донесена.

АД 5/пет/ Претседавачот отвори расправа по Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година, мислењето на Одборот на директори по Извештајот на ревизорот и Предлог одлуката за усвојување на извештајот, во која никој не се јави па Претседавачот ја стави на гласање Предлог Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 год.

За донесување на Одлука за усвојување Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година гласаа сите присутни со 120.000 акции (сто и дваесет илјади) капитално мнозинство или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлуката усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија ВЕРИФИКА на извршената ревизија на финансиските извештаи на Еурохаус АД Скопје за 2014 година е полноправно донесена.

АД 6/шест/ Претседавачот отвори расправа по Годишниот извештај за работењето на Одборот на Директори за 2014 година и Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Еурохаус АД Скопје во која никој не се јави, по што претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Предлог Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Еурохаус АД Скопје.

За донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Еурохаус АД Скопје, гласаа сите присутни акционери со 120.000 акции (сто и дваесет илјади) капитално мнозинство или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Еурохаус АД Скопје, е полноправно донесена.

АД 7/седум/ Претседавачот отвори расправа по Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори во која никој не се јави по што Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на

гласање Предлог Одлуката за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори, при што напомена дека се гласа за секој член на Одборот на директори поединечно.

За донесување на Одлуката за одобрување на работата на Сашо Дракуловски член на Одборот на директори , гласаа акционери со капитално мнозинство од 120.000 (сто и дваесет илјади) или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

За донесување на Одлуката за одобрување на работата на Љупче Узуновски член на Одборот на директори , гласаа акционери со капитално мнозинство од 120.000 (сто и дваесет илјади) или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

За донесување на Одлуката за одобрување на работата на Омар Кокановиќ член на Одборот на директори , гласаа акционери со капитално мнозинство од 120.000 (сто и дваесет илјади) или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлуката за одобрување на работата на секој член поединечно на Одборот на директори на Еурохаус АД Скопје е полноправно донесена.

АД 8/осум/ Претседавачот отвори расправа по Предлог Одлука за усвојување на годишна сметка на Еурохаус АД Скопје за 2014 година во која никој не се јави по што претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за усвојување на годишната сметка на Еурохаус АД Скопје за 2014 година.

За донесување на Одлуката за усвојување на годишна сметка на Еурохаус АД Скопје за 2014 година, гласаа акционери со капитално мнозинство од 120.000 (сто и дваесет илјади) или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на годишна сметка на Еурохаус АД Скопје за 2014 година,е полноправно донесена.

АД 9/девет/ Претседавачот отвори расправа по Предлог Одлука за распределба на добивката за покривање на загубите од минатите години ,во која никој не се јави по што претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за распределба на добивката.

За донесување на Одлука за распределба на добивката за покривање на загубите од минатите години, гласаа акционери со капитално мнозинство од 120.000 (сто и дваесет илјади) или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлука за распределба на добивката за покривање на загубите од минатите години, е полноправно донесена.

АД 10/десет/ Претседавачот отвори расправа по Предлог Одлука за назначување на Друштво за ревизија за финансиските извештаи за 2015 година. Претседавачот истакна дека има три понуди за ревизија и тоа понудата на Grant Thornton со цена од 1.400 еур со ДДВ во денарска противредност, понудата од Елит Дооел со цена од 62.000 ден плус ДДВ и понудата на Верифика ДОО со цена од 58.528 ден со ДДВ по што Претседавачот истакна дека треба да се води сметка за цената и да се даде предност на најниската понуда по што никој не се јави и Претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Одлуката за назначување на Друштво за ревизија за 2015 година да биде разгледана како и понудите од ревизорските друштва за 2015 година. За донесување на Одлука за назначување на Друштво за ревизија за 2015 година да биде разгледана и да биде избрано Друштво со најдобра понуда и тоа Верифика ДОО Скопје, гласаа акционери со капитално мнозинство од од 120.000 (сто и дваесет илјади) или 100% од присутните, против и воздржани немаше.

Претседавачот констатира дека Одлуката за назначување на Друштвото Верифика ДОО Скопје за ревизија за 2015 година да биде избрано Друштво со најдобра понуда е полноправно донесена.

По исцрпување на дневниот ред на Седницата на акцонерите се отвори и дискусија за некои активности кон кои треба да се насочи Друштвото со цел да се зголеми профитабилноста на работењето на Друштвото.

Претседавачот ја затвори седницата и потврди дека сите дејствија предвидени во записникот се превземени како на седницата од акционерите присутни на Собранието.

Седницата заврши во 14.30 /четиринаесет часот и триесет минути/.

Овој записник е прочитан на претседавачот на седницата кој ја потврдува неговата веродостојност со слученото на седницата.

Претседавач: Артон Лена

Составен дел на записникот се: Јавниот Повик од 12.05.2015 во дневниот весник Утрински , Предлог Одлуките на Собранието, Список на верифицирани акционери заверен од претседавачот и записничарот, Извод од Акционерската книга издаден од ЦДХВ на ден 04.06.2015 година.

Записничар

Даниела Војнески

Претседавач на Собрание

Артон Лена